# ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА ЕКСПЕРТ/ЕКСПЕРТКА ОД ОБЛАСТ НА АНТИКОРУПЦИЈА

## „Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата“

Здравствениот систем во Северна Македонија со години се соочува со сериозни предизвици поврзани со коруптивни практики, кои го намалуваат квалитетот и пристапноста на здравствените услуги. Истражувањата укажуваат дека граѓаните, а особено жените од маргинализираните заедници, често се изложени на директни или индиректни барања за неформални плаќања, непотизам и дискриминација при пристапот до здравствена заштита. Овие појави не само што ја поткопуваат довербата во институциите, туку создаваат дополнителни бариери за еднаков пристап до основното човеково право – здравје.

Корупцијата во здравството има и изразена родова димензија. Жените, особено оние кои живеат во сиромаштија, во рурални средини или кои припаѓаат на ромската заедница, се соочуваат со двојна нерамноправност: од една страна поради нивниот економски, социјален, етнички или расен статус, а од друга поради родовите стереотипи и дискриминаторските практики во институциите. Непостоењето ефикасни и доверливи механизми за пријавување дополнително ја засилува нивната ранливост и создава чувство на беспомошност.

Постоечките механизми за пријавување корупција се недоволно функционални, со ограничена транспарентност и слаб капацитет за постапување. Институциите ретко обезбедуваат јасни информации и поддршка за граѓаните, а здравствените работници немаат соодветна обука за етичко постапување и справување со случаи на корупција. Истовремено, јавната дебата за оваа тема останува ограничена, а медиумите често известуваат на начин кој не ги препознава родовите аспекти и штетните последици за ранливите групи.

Проектот „Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата“ е дизајниран да одговори токму на овие проблеми. Тој има за цел да ја зголеми отчетноста и транспарентноста во здравствениот систем преку зајакнување на жените и граѓаните да пријавуваат корупција, јакнење на капацитетите на здравствените работници за препознавање и превенција на коруптивни практики и зајакнување на институционалните механизми за постапување. Преку едукативни активности, јавни кампањи и застапувачки иницијативи, проектот ќе придонесе кон создавање систем во кој граѓаните ќе имаат доверба дека нивниот глас е слушнат, а нивните права се заштитени. Проектот е поддржан одФранцуската Развојна Агенција - Expertise France.

## 1.1. Ангажман и работни задачи

Експертот/експертката ќе биде задолжен/а за реализација на две задачи во рамки на проектот "Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата":

<u>**Задача 1:**</u> Подготовка на прашалник за спроведување на анкета преку телефон со компјутерска асистенција (CATI) на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници (мажи и жени) низ цела Северна Македонија, со цел да се соберат репрезентативни, родово раздвоени податоци за искуствата и перцепциите на граѓаните за корупцијата во здравствениот сектор во рамки на проектот. Толкување на податоците од истражувањето врз основа на развиен технички извештај и развивање на препораки за унапредување на состојбата. Презентација на наодите пред мулти-секторската работна група (подготвена презентација и усно излагање на наодите и препораките од извештајот пред работната група).

<u>**Задача 2:**</u> Подготовка и спроведување на клучни активности поврзани со развој и имплементација на активности со цел јакнење на капацитетите на граѓанските организации и жените во однос на препознавање, спротивставување и пријавување на корупција во здравството. Активностите и продуктите треба се засноваат врз основа на наодите од претходно спроведените истражувања спроведени во рамки на проектот "Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата". Конкретните задачи вклучуваат:

1. **Развивање и подготовка на сеопфатна родово сензитивна програма за обука и прирачник што опфаќа препознавање, спротивставување и пријавување на коруптивни практики.**
    - Дизајнирање и подготовка на пет клучни модули за обуката за обучувачи (корупција во здравството, родови димензии и ранливост, препознавање и спротивставување на корупција, механизми за пријавување и заштита на укажувачи, вештини за фасилитација).
    - Подготовка на краток опис за механизмите за пријавување на антикорупција, вклучувајќи надлежности и начин на постапување, согласно Законската регулатива и во пракса.
    - Опис на примери на добра пракса, вклучително и поврзување на примерите со постапувања по однос на антикорупцијата во здравството.
    - Изработка на лесно разбирлив прирачник за учесниците на обуката на обучувачи.
2. **Спроведување на обука на обучувачи (ТоТ)**
    - Спроведување тридневна обука за обучувачи (ТоТ) за 16 претставници на граѓански организации, кои ќе спроведуваат едукативни работилници со жени.
    - Обезбедување методологија и практични алатки за обучувачите од граѓанските организации за спроведување локални едукативни работилници со жени.

Експертот при спроведување на задачите потребно е да се координира и биде во тесна соработка со останатите експерти кои се ангажирани на проектот, како и да обезбеди експертиза и поддршка во спроведувањето на нивните задачи.

### 1.2. Очекуван резултат

**Задача 1:**

- Подготовен прашалник за спроведување на анкета преку телефон со компјутерска асистенција.
- Подготвен извештај со препораки базирани на истражувањето.
- Подготвена презентација и усно излагање на наодите и препораките од извештајот пред работната група

**Задача 2:**

- Подготвени пет клучни модули за обуката за обучувачи (корупција во здравството, родови димензии и ранливост, препознавање и спротивставување на корупција, механизми за пријавување и заштита на укажувачи, вештини за фацилитација).
- Подготвен краток опис за механизмите за пријавување на антикорупција, вклучувајќи надлежности и начин на постапување.
- Подготвени примери на добра пракса по однос на антикорупцијата, со фокус на здравството.
- Подготвен прирачник за учесниците на обуката за обучувачи, претставници од граѓански организации.
- Спроведена обука за обучувачи врз основа на претходно подготвените материјали.

### 1.3. Квалификации

- Универзитетска диплома во области како општествени науки, јавна администрација, право, здравство, едукација или сродни области (магистерски и докторски студии ќе се сметаат за предност).
- Дополнителни сертифицирани обуки во област на едукација за возрасни, развој на наставни програми или фацилитација ќе се сметаат за предност.
- Минимум 5 години работно искуство во областа на антикорупција.
- Претходно искуство во спроведување на истражувања во областа на антикорупција
- Претходно искуство во спроведување на обуки/едукација од областа на антикорупција.
- Докажано искуство во работа со граѓански организации во области на антикорупција, родова еднаквост, јавно здравствени политики, или човекови права.
- Способност за работа во договорени рокови и координација со проектен тим.

**1.4. Вештини и компетенции:**

- Одлични аналитички и истражувачки способности, со можност за интегрирање на родова перспектива.
- Високо развиени комуникациски и фасилитаторски вештини.
- Способност за подготовка на едукативни материјали од областа на антикорупција, адаптирани за различни групи од населението.

**1.5. Буџет и времетраење**

За овој ангажман е предвиден финансиски надомест како хонорар во износ од **2.833 евра (бруто износ).**

Ангажманот е предвиден да трае **3 месеци и започнува на 01 септемви 2025 година, со следната временска рамка:**

- Септември 2025 година: Подготовка на прашалник за спроведување на анкета преку телефон со компјутерска асистенција (CATI) **.**
- Јануари и февруари 2026 година: Развивање и подготовка на сеопфатна родово сензитивна програма за обука и прирачник што опфаќа препознавање, спротивставување и пријавување на коруптивни практики.
- Февруари 2026 година: Спроведување на обука на обучувачи (ТоТ) за претставници на граѓански организации

**1.6. Потребна документација за аплицирање**

Заинтересираните кандидати треба да достават:

- **Кратко мотивациско писмо** (до 1 страница) со објаснување на интересот за ангажманот и релевантното искуство.
- **Биографија (CV)** со јасно наведено образование, професионално искуство и референтни проекти/анализи поврзани со антикорупција, јавни политики, здравство или родови прашања.
- **Листа на изработени документи/извештаи/аналитички трудови** (со краток опис на содржината и годината на изработка).

Потребната документација да се достави по електронска пошта на адресата esem@esem.org.mk, со назнака: *„Повик за ангажман на експерт/експертка од област на антикорупција за проектот Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата“* најдоцна до 10 септември, 2025 година.